Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

## З А П И С Н И К
## од 473-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 17-ти јануари 2024 година**

Седницата се одржа на ден: 17.01.2024, среда во 10:13 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **м-р Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета, но до моментот на отпочнување на седницата нема известување за причините за отсуство)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет, но до моментот на отпочнување на седницата нема известување за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 473-та седница.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предлог Дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и предложи точката 4 - Донесување на Одлука за престанок на судиската функција да се повлече од дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и предложи по точката - Расправа по извештај за констатирана состојба да се додаде нова точка - Одлучување по приговори за годишен распоред;

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на:
- Записник од 466-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 27.11.2023 година и продолжение од 05.12.2023 година;
- Записник од 467- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 06.12.2023 година;
- Записник од 468-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 12.12.2023 година и
- Записник од 470- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 28.12.2023 година;
2. Избор на судии поротници на Основен суд Виница;
3. Утврдување на престанок на функцијата судија поротник на Апелационен суд Скопје, по сопствено барање;
4. Одлучување по барање за патни трошоци;
5. Одлучување по барање за времено упатување на судија;
6. Расправа по извештај за констатирана состојба;
7. Одлучување по приговори за годишен распоред;
8. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и
9. Разно.

## Точка 1

(Записник од 466-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 27.11.2023 година и продолжение од 05.12.2023 година; Записник од 467- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 06.12.2023 година; Записник од 468-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 12.12.2023 година и Записник од 470- та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 28.12.2023 година)

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 466-та седница на Судскиот совет на РСМ од 27.11.2023 година и продолжение од 05.12.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 467-та седница на Судскиот совет на РСМ од 06.12.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

● Претседателот на Советот Весна Дамева, отвори расправа по Записник од 468-та седница на Судскиот совет на РСМ од 12.12.2023 година.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска**. Истакна забелешка на стр.3 од записникот, во делот на нејзиното излагање, ред 4, сврзникот „и“, да се замени со сврзникот „со“.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

*Напомена: За усвојување на записникот од 468-та седница не гласа членот на Советот Сашко Георгиев, од причина што истиот бил отсутен на предметната седница.*

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 470-та седница на Судскиот совет на РСМ од 28.12.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Избор на судии поротници на Основен суд Виница)

По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Миљазим Мустафа во својство на координатор на Основен суд Виница.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека Основниот суд Виница објавил јавен оглас за избор на судии-поротници Су.бр.37/23 од 01.12.2023 година за избор на судии поротници. Со допис Су.бр.37/23 од 22.12.2023 доставена е предлог листа на кандидати за судии поротници, кои ги исполнуваат законски предвидени те услови.

По разгледување на предлог листата на кандидати, констатирано е дека следните пријавени кандидати ги исполнуваат условите за судија поротник, согласно чл.7 ст.2 од Законот за судови: Стефан Мицов, Васка Николова, Александра Давиткова, Јована Јангеловска, Давид Трајанов, Билјана Јовева, Слаѓана Костадиновска, Игор Димитров и Елена Ѓорѓиева и предложи истите да бидат избрани.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

за избор на судии поротници на Основен суд Виница

За судии поротници на Основен суд Виница се избрани:

1. Стефан Мицов
2. Васка Николова
3. Александра Давиткова
4. Јована Јангеловска
5. Давид Трајанов
6. Билјана Јовева
7. Слаѓана Костадиновска
8. Игор Димитров и
9. Елена Ѓорѓиева.

Одлуката влегува во сила од 31.01.2024 година.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Утврдување на престанок на функцијата судија поротник на Апелационен суд Скопје, по сопствено барање)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели во својство на координатор на Апелационен суд Скопје.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека претседателот на Апелациониот суд Скопје со допис Су.бр.03-1/24 од 03.01.2024 година, заведен во Судскиот совет под број 02-26/1 од 04.01.2024 година, достави предлог до Советот судијата Билјана Ангелова Смилева да биде разрешена од функцијата, по нејзино сопствено барање. Во прилог на дописот доставено е и барањето на судијата-поротник Билјана Ангелова Смилева да биде разрешена од функцијата.

По разгледување на предлогот на претседателот на Апелационен суд Скопје и доставеното лично барање на судијата-поротник Билјана Ангелова Смилева да биде разрешена од функцијата, се констатира дека се исполнети условите за разрешување на судијата-поротник, согласно чл.80 ст.1 ал.1 од Законот за судовите, поради што предложи да се донесе одлука за разрешување Билјана Ангелова Смилева од функцијата судија-поротник.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА

На Билјана Ангелова Смилева, избрана за судија поротник на Апелационен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија и престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Одлучување по барање за патни трошоци)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** информираше дека Влатко Сековски, судија на Основен кривичен суд Скопје на ден 02.01.2024 година до Советот доставил барање за надомест на трошоци за превоз, заведено во Советот под бр.05-28/1 од 04.01.2024 година. Во барањето судија наведува дека со решение на Судскиот совет на РСМ, бр.02-2227/1 од 13.11.2023 година времено е упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Прилеп, сметано од 09.11.2023 година, за период од една година од упатувањето. Со оглед на околноста што живее во една општина, а судиската функција ќе ја извршува во друга општина каде е упатен, во која општина ниту тој, ниту членови на неговото семејство не поседуваат стан

или куќа, судијата бара да му се утврди правото на надомест на трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај на релација Скопје-Прилеп.

Постапувајќи по барањето и разгледување на доставената документација утврдено е дека судијата Влатко Сековски е со живеалиште во Скопје, дека времено е упатен судиската функција да ја извршува во Основен суд Прилеп, како и дека во град Прилеп каде времено е упатен да ја извршува судиската функција, ниту тој, ниту членови на неговото потесно семејство немаат недвижен имот - сопствен стан или куќа.

Врз основа на наведените причини, а согласно чл.12 ст.1 ал.2 од Законот за платите на судиите, предложи на судијата да му се утврди надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 15.12.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Прилеп и обратно.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

Барањето на Влатко Сековски, судија на Основен кривичен суд Скопје за надомест на трошоци се уважува.

На Влатко Сековски, судија на Основен кривичен суд Скопје му се се утврдува

- право на надомест на трошоци за превоз како судија кој што живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 15.12.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Прилеп и обратно.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Одлучување по барање за времено упатување на судија)

● По повод 5-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на претседателот на Советот Сашко Георгиев во својство на координатор на Основен суд Ресен.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека судијата на Основниот суд Ресен, Виолета Крстиновска доставила известување со барање до Судскиот совет на РСМ со кое бара повторно да биде времено упатена во Основниот суд

Прилеп, за период од уште една година, а со оглед да на 01.02.2024 година и истекува периодот за кој е времено упатена за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, со решение на Судскиот совет бр.02-247/1 од 27.01.2023 година.

По спроведени анализи констатира дека во конкретниот случај се исполнети условите од чл.39 ст.9 од Законот за судовите, еден судија од Основниот суд Ресен, односно судијата Виолета Крстиновска да биде времено упатена да ја извршува судиската функција во Основниот суд Прилеп. Ова од причина што во Основниот суд Прилеп е намален бројот на судии поради исполнување на услови за старосна пензија, зголемен е обемот на работа, има голем број на нерешени предмети, така што се доведува во прашање не само ажурноста на судот, туку и тековното работење на судот. Особено треба да се има предвид и фактот што Основниот суд Прилеп е суд со проширена надлежност, односно суд кој постапува по повеќе видови на предмети согласно законот.

Согласно наведеното предложи Виолета Крстиновска, судија на Основниот суд Ресен, времено да се упати за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Виолета Крстиновска, судија на Основниот суд Ресен, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, сметано од 03.02.2024 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За временото упатување да се извести претседателот на Основниот суд Ресен и претседателот на Основниот суд Прилеп.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Расправа по извештај за констатирана состојба)

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека како подносител на барањето за утврдување на одговорност се иззема од расправата и одлучување по 6-та точка од дневниот ред.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Миљазим Мустафа ја напушти седницата од горенаведените причини.*

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Мирсад Суроји во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека врз основа на член 67 став 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата на известители постапувајќи по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Беса Адеми, претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија бр. 10-86/1 од 07.11.2023 година, поднесено од страна на м-р Миљазим Мустафа, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, по одржаната расправа на ден 29.12.2023 година го доставува Извештај за констатирана состојба.

Во барањето се наведува дека Беса Адеми во периодот од 22.05.2023 година до 30.10.2023 година во својство на Претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија кој е член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, постапил спротивно на член 43 ст.2 в.в. со ст.1 ал.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонијана начин што и покрај тоа што е должен да учествува во работата на Советот, истиот отсуствувал од седниците на Судскиот совет на Република Северна Македонија во континуитет наведениот период, и тоа на 442-та седница одржана на ден 22.05.2023 година, на 443-та седница одржана на ден 30.05.2023 година, на 444-та седница одржана на ден 08.06.2023 година, на 445-та седница одржана на ден 15.06.2023 година, на 446-та седница одржана на ден 29.06.2023 година, на 447-та седница одржана на ден 04.07.2023 година, на 448-та седница одржана на 05.07.2023 година, на 449-тата седница одржана на ден 10.07.2023 година, на 450-тата седница одржана на ден 25.07.2023 година, на 451-та седница одржана на ден 27.07.2023 година, на 452-та седница одржана на ден 30.08.2023 година, на 453-та седница одржана на ден 06.09.2023 година, на 454-та седница одржана на ден 13.09.2023 година, на 455-та седница одржана на ден 26.09.2023 година, на 456-та седница одржана на ден 28.09.2023 година, на 457-та седница одржана на ден 09.10.2023 година, на 458-та седница одржана на ден 04.10.2023 година, на 459-та седница одржана на ден 10.10.2023 година, на 460-та седница одржана на ден 18.10.2023 година, на 461-та седница одржана на ден 19.10.2023 година и продолжение на истата од 30.10.2023 година и на 462-та седница одржана на ден 30.10.2023 година, па и покрај тоа што непосредно пред почетокот на некои седници има доставеноизвестување за неприсуство, сепак истото е без поткрепа со доказ за оправданост на отсуството, со што не ги извршувал законските должности и обврски.

Со опишаните дејствија, судијата Беса Адеми во својство на Претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија кој е член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, во наведениот период со неприсуство на седниците, оневозможил координирано, активно и ефикасно превземање на мерки и активности во рамките на Судскиот совет на Република Северна Македонија, со цел остварување на неговите функции во насока на обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, со што постапи спротивно на чл.43 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, и со тоа ги пречекори и повреди законските овластувања како Претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонијаво смисла на член 79 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите.

На ден 06.11.2023 година,Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судијата Беса Адеми и член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, постапил спротивно на член 43 ст.2 в.в. со ст.1 ал.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, на начин што по претходно телефонско известување од Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 03.11.2023 година и писмено доставена покана за работна средба за ден 06.11.2023 година во 11,00 часот заради разгледување на состојбата со најавениот од нејзина страна преку медиумите политички притисок врз судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија во врска со одлучување за аболицијата на поранешниот претседател на државата, истата не дојде на работната средба, а своето отсуство го најави со писмен допис доставен до Судскиот совет на Република Северна Македонија непосредно пред терминот на закажаната средба и објавен е јавно на веб страната на Врховниот суд на РСМ.

Со ваквото однесување и постапување, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија кој е член на Судскиот совет на Република Северна Македонија по функција, не само што го попречи и оневозможи Судскиот совет на Република Северна Македонија во остварување на основната цел, а тоа е да ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, туку и покажа професинална и правна некултура во постапувањето и почитувањето на институциите во рамки на правосудниот систем, а кое допринесува за намалување на довербата на граѓаните во судството, со што постапил спротивно на чл.43 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, и со тоа ги пречекори и повреди законските овластувања како Претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија во смисла на член 79 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите.

Во прилог кон барањето доставени се предлог докази што треба да се изведат на расправата се доставени.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 463-та седницата одржана на ден 08.11.2023 година, согласно чл.63 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 102/19), по пат на ждрепка донесе Одлука со која се формира Комисија на известители во состав: Мирсад Суроји - претседател на Комисијата, Мери Радевска и м-р Селим Адеми - членови на Комисијата. Комисијата на известители постапувајќи согласно чл.63 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија констатираше дека барањето е навремено, целосно и не е очигледно неосновано, поради што не го отфрли барањето и во смисла на чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија поднесе Известување за утврдената фактичка состојба до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

На 465-та седница на Судскиот совет на РСМ, одржана на ден 23.11.2023 година, согласно член 63 став 6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата на известители го презентираше Известувањето за утврдената фактичка состојба, при што Судскиот совет одлучи постапката за утврдување на одговорност на Беса Адеми – претседател на Врховниот суд да продолжи.

Со допис бр.10-86/6 од 29.11.2023 година, Комисијата на известители предметното барање за утврдување на одговорност во прилог со доказите го достави на произнесување до Беса Адеми претседател на Врховниот суд на Република Северна Макеодница.

Во законски предвидениот рок, односно на ден 12.12.2023 година, претседателката достави Писмено произнесување по барањето за утврдување одговорност, заведено во Советот под бр.10-86/7.

Со првата точка од барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на претседател на суд се става на товар дека претседателката на Врховниот суд, дека во периодот од 22.05.2023 до 30.10.2023 година во својство на претседателка на Врховниот суд на Република Северна Македонија и како член на Судскиот совет по функција постапила спротивно на член 43 ст.1 на начин што била должна да учествува во работата на Советот, а истата отсуствувала од 442-та до 462-та седница. Покрај фактот што непосредно пред почетокот на некои седници има доставено известување за неприсуство, сепак истото не било поткрепено со доказ за оправданост на отуството, со што не ги извршила своите законски должности и обврски. На овој начин, во барањето се наведува дека претседателката на Врховниот суд оневозможила координирано, активно и ефикасно преземање на мерки и активности во рамки на Судскиот совет со цел остварување на неговите функции во насока на обезбедување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт.

Наведува дека исто така, совет бил Претседателот на Врховниот суд повеќе да не биде дел од Судскиот совет, за да се обезбеди внатрешна независност на судството. Напоменува дека претседателот на Врховниот суд и министерот за правда по неодамнешните контроверзни настани во Судскиот совет не присуствуваа на седниците на Судскиот совет по сопствена одлука и тоа не било прекршување на законот.

Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија е член на Судскиот совет по функција, која ги има истите права, обврски и одговорности како и членовите на советот со право на глас, освен во случаите предвидени со Законот за Судски совет. Но за разлика од членовите на Судскиот совет со право на глас, каде во член 34 ст.1 алинеја 2, каде јасно било наведено дека основ за поведување на дисциплинска одговорност е занемарување и неизвршување на функција во работата на советот, ваква одредба не постоела за разрешување на претседател на суд, особено за претседател на Врховен суд.

Претседателката на Врховниот суд своите права, обврски и одговорности наведе дека ги црпи од членот 43 ставот 13 од ССРСМ, каде е таксативно навededено дека има право да учествува во работата на Судскиот совет. Но, видно од содржината на законскиот текст, не постоела јасна дефиниција за тоа што преставува учество во работата на Судскиот совет и како истото се поима. Имено, таа согласно член 6 став 2 ЗССРСМ немала право на глас и согласно член 6 став 3 ЗССРСМ немала право да учествува во одлучувањето и воедно не можелс да учествува во работата на Советот на седниците на кои се расправа и одлучува за поведена постапка за утврдување на одговорност, избор и разрешување на судија или претседател на суд.

Со Законот за судови, член 79 ст.1 алинеја 1, се предвидувало кумативно да бидат исполнети два услови и тоа да има злоупотреба на положбата и пречекорување на службените овластувања а не повреда на законските овластувања ка ко што се тврди и наведува во барањето за поведување на одговорност на претседателката на Врховниот суд.

Извештајот на Европската комисијата за Република Северна Македонија за 2022 дал позитивни констатации за управувањето и работата на Врховниот суд, искажувајќи

поддршка и охрабрување за преземените активности и заложби на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Исто така, во новиот Извештај на Европската комисија за 2023 година, повторно се давале и нагласувале позитивни констатации за управувањето и работата на Врховниот суд, наведувајќи го следново во поглед на придонесот на Врховниот суд кон независноста и непристрасноста на судството: „Со Начелниот став на Врховниот суд како реакција за унапредена тран спарентност на судството, се советуваат пониските суд ови да ги објавуваат не само правосилните, туку и неправилнит е судски одлуки, особено во случаите кога се работи за предмети од јавен интерес."

Понатаму, тврдењето истакнато во барањето дека претседателката на Врховниот суд не присуствувал на некои од седниците на Судскиот совет никако не можело да наведе на заклучок дека таа не учествувала во работата на Советот. Претседателката при остварување на својата функција постојано соработувало со Судскиот совет, а на тој начин учествувала во неговата работа, во насока на остварување на нејзината примарна функција ка ко претседателка на Врховниот суд. Па, така за споменатиот период од Врховниот суд до Судскиот совет биле доставени извештај за прв квартал 2023 година; извештај за втор квартал за 2023 година; извеш тај за трет квартал 2023 година, запознавајќи го Судскиот совет со работата на Врховниот суд.

Претседателката на Врховниот суд, видно од доставените покани само за три седници (446-та седница закажана за 29.06.2023 година, 452-та седница за кажана за 30.08.2023 и 462-та седница закажана за 30.10.2023 година) е поканета во законскиот рок од 7 дена. Само како илустрација за 445-та седницата закажана за 15.06.2023 година, поканата е доставена до претседателката на Врховниот суд на 2 дена претходно, а истото се однесува и за 451-та седница закажана за 27.07.2023 година и за 453-та седница од 06.09.2023 година.

Со Деловникот за работа на Судскиот совет во член 12 став 1 било регулирано дека претседателот на Судскиот совет е надлежен да ја отвори седницата и да констатира присуство, односно отсуство на членовите на Совета со излагање на причините за членовите кои не биле присутни, што подоцна се внесува и во записникот за одржаните седници. Доколку се тврди дека оправданото отсуство, кое е видливо нотирано во соодветните записници, не било поткрепено со доказ за оправданоста тогаш се поставувало прашањето дали тоа значило дека отсуството не било соодветно констатирано од претседателот на Советот или дека тоа е несоодветно нотирано во записниците.

Со Деловникот за работа на Судскиот совет во член 15 е наведено дека записникот се разгледува и усвојува на седница на Советот, а во случај на забелешки на содржината на истиот Советот носи заклучок кој претставува составен дел на записникот на кој се однесувала забелешката.

Видно од содржината на соопштението за одржана 467-та седница од ден 06.12.2023 година, записниците за 454-та, 455-та и 456-та седница биле усвоени од Советот еден месец по поднесување на барањето за поведување на постапка за одговорност на претседател на суд

По однос на втората точка од барањето наведува дека на ден 03.11.2023 година (петок), претседателката на Врховниот суд во интервју за медиумот сакамдакажам.мк, наведува дека како Врховен суд биле мета на притисоци да се оживее аболицијата на поранешниот претседател на државата, но дека успеале како суд да се спротивставаат на

таквите обиди да се загрози неза висноста на судството и да се наруши нивниот углед и авторитет, а воедно и истакнува дека постои потреба доследно да се почитуваат Уста вот и законите. Во рок од неколку часа по објавувањето на интервјуто, од стра на на претседателот на Судскиот совет, претседателката на Врховниот суд телефонски била контактирана со барање на ден 06.11.2023 година (понеделник) да биде остварена средба, а во врска со натписите во медиумите за политички притисоци врз судиите во највисокиот суд.

Од страна на претседателката на Врховниот суд телефонски, а потоа и писмено, претседателот на Судскиот совет бил известен дека поради претходно закажани работни ангажмани и краткиот рок на известување за средбата истата нема да биде во можност да присуствува . По овој разговор доставен бил и опсежен допис во кој се наведуваат одговори на упатената покана и се остава простор за средба, особено што ќе биде неопходно да се разгледуваат и коментираат Извештаите на Европската комисија (кој беше обја вен на (08.11.2023 година) и на Оценската Комисија за работата на Судскиот совет, доставен на 11.12.2023 година.

Наведува дека Извештајот на Европската комисија за 2023 година е објавен на 8.11.2023 година, два дена по првично закажаниот термин за средба и еден ден по поднесување на Барањето за поведување постапка на утврдување на одговорност на претседателката на Врховниот суд. Во втората точка како и во образложениeто на барањето не се наведувало кое право, обврска и одговорност од членот 43 ЗССРСМ претседателката на Врховниот суд има повредено.

Најпрво, никако не можело да стане збор за игнорантски однос кога претседателката на Врховниот суд одговарала на телефонските повици и доставила одговор на поканата за средба.

Цврсто била убедена дека оваа недела и во следниот период , веднаш по добивањето на извешта ите на Европската унија и на Оценската мисија за работата на Судскиот совет, ќе се отворат суштинските прашања за проблемите во судството, но и ќе се даде јасен патоказ за чекорите кои треба да се преземат понатаму.

Подносителот на Барањето во завршен збор наведе дека согласно член 6 став 1 алинеја 1 од Законот за Судски совет на РСМ претседателот на Врховен суд е член на Советот по функцијата и учествува во работата на Советот без право на глас. Во однос на ова претседателот имал и законска обврска да учествува во работата на Советот, а со тоа и да придонесува на седницата на Советот. Меѓутоа истата во период од 22.5.2023 година до 30.10.2023 година во континуитет отсуствала од седниците на Судски совет и без исклучок била отсутна на сите 21 седници кои беа одржани во наведениот период. И покрај фактот што непосредно пред почетокот на некои седници го најавувала своето отсуство, сепак истата не доставувала доказ за оправданоста на отсуството. Согласно член 38 од Законот за Судскиот совет на РСМ, советот работите од своја надлежност ги разгледува и за нив одлучува на седница. Согласно член 43 став 1 од Закон за Судски совет на РСМ, членовите на Советот ги имаат следните права и обврски и одговорности, да учествуваат во работата и одлучувањето на Советот, да даваат иницијативи предлози и мислења по прашања од надлежност на Советот, да учестува во работните тела на Судски совет во кој е избран, по заклучок на Советот да оствари увид во работата на судијата и презема други дејствија и со тоа да поднесува Извештај до Судски совет кој е одговорен за повреда на Уставот и законот во врска со вршење на функцијата во Судскиот совет и врши други работи определени со овој закон. Истите обврски според

став 2 на овој член важат и за членовите по функција освен во случаите предвидени со закон. Со наведените дејствија претседателот на Врховен суд, судијата Беса Адеми во континуитет подолг временски период не ги извршувала своите законски обврски, а истото била должна да го стори имајќи ги во предвид цитираните законски одредби. Со ваквото континуирано извршување на законските обврски претседателот на Врховниот суд ја пропуштила законската должност да се информира за состојбите во судството од една страна, а од друга страна да даде свој придонес во надминување на одредени состојби во судството и со тоа грубо ги занемарила и не ги извршувала своите законски овластувања и должности. Воедно од однесувањето неспорно произлегувало дека претседателот на Врховниот суд давала приоритет на сите обврски наспроти на законската обврска да учествува на седниците на Судски совет како член по функција. Ова особено кога во наведениот период било нужно и важно нејзиното присуство, во ситуација кога местото член на Судски совет од редот на судиите во Врховниот суд било испразнето. Интенцијата на законодавецот за членување на претседателот на Врховниот суд на РСМ како претседател на највисокитот суд во државата било во насока на известување за одредени констатирани состојби во сите судови, со цел запознавање и надминување на детектирани слабости и појави од страна на Судски совет и изнаоѓање начини и решенија за надминување на истите. Во насока на извршување на функцијата член на Судски совет од страна на претседателот на Врховниот суд било и последното постапување и однесување со игноратскиот однос на поканата од Судски совет за работна средба заради запознавање и преземање мерки за решавање на едно суштинско прашање за судството, а тоа било заштита на самостојноста и независноста на судската власт. Претседателот на Врховниот суд не само што не се јавила на работната средба закажана на 6.11.2023 година, туку до Судски совет доставила писмен допис во кој воопшто не се произнела за конкретното прашање за кое Судскиот совет ја закажал работната средба.

Од сето тоа што го изложиле и во доказите кои биле приложени во прилог на барањето неспорно произлегувало дека претседателот на Врховниот суд на РСМ-судијата Беса Адеми која е и член на Судски совет на РСМ по функција постапила спротивно на член 43 од Законот за Судски совет, и со тоа ги пречекорила и повредила законските овластувања како претседател на Врховниот суд во смисла на член 79 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, а кој е основ за разрешување од функција на претседателот на Врховниот суд, затоа побара Судски совет да донесе одлука со која ќе се утврди одговорност на претседателот на Врховниот суд и истата да ја разрешат од претседател на Врховниот суд.

Бранителот во завршен збор наведе дека од целокупната дискусија можело да се утврди дека подносителот на барањето воопшто не правел разлика помеѓу член на Судски совет по функција и член на Судски совет со право на глас. Во барањето и на расправата било кажано дека со неприсуството на претседатлката на седниците на Судски совет истата не можела да биде информирана од причина што сите записници усвоени од страна на Судски совет со целокупната содржина се доставувале до членовите на Судски совет, па оттука била инфориарана за состојбите во правосудтвото и сите прашања за кои дискутирал Судски совет. Втората констатација била дадена дека воопшто не дала свој придонес за надминување на состојбите во правосудството што повторно било неосновано бидејќи била во целосна комуникација и координација со Судскиот совет за што зборувале и бројните извештаи. Воопшто не се земала во предвид

нејзината примарна функција а тоа било да го менаџира работењето на Врховниот суд и побара членовите на Судскиот совет да обрнат внимание на ова прашање при одлучувањето. Истакна дека ЕУ кон која претендираме да бидеме членка како и сите други меѓународни чинители јасно укажувале дека присуството на членови по функција како што е претседателката на Врховниот суд, не било ниту нужно, ниту потребно на Судски совет, напротив се давале препораки истите да не бидат членови во иднина и констаирале дека неприсуството на членовите по функција не е прекршување на закон. По однос на наводот дека немале претставници од Врховен суд во Судски совет и поради тоа било нужно присуството на претседателката на Судски совет, смета дека многу повеќе говореле за состојбите во Судскиот совет и на крај било истакнато дека претседателката на Врховниот суд и денес не одговорила на прашањата за политичките притисоци, прво тоа не било предмет на оваа дисциплинска постапка, а од одговорите на претседателката на Врховниот суд јасно произлегувало дека соработува со сите надлежни иснтитуции по закон. Смета дека констатациите, прашањата упатени од подносителот на барањето до претседателката на Врховниот суд биле многу тенденциозни со упатени јавни закани за нејзина кривична одговорност пред очите на јавноста и одтука смета дека на сите им станале јасни причните и мотивите за водењето на оваа постапка. И на крај смета дека членовите на Судски совет со право на глас се исправени пред огромен предизвик и дека имаат историска шанса да ја вратат независноста на судството и да ја поправат перцепцијата кај граѓаните кои ја имаат токму за судскиот систем и затоа верува искрено дека ќе се донесе одлука со која ќе ја запрат оваа постапка против претседателката на Врховниот суд и ќе го зачуваат угледот и интегритотот на Судски совет.

Претседателката Беса Адеми во завршен збор се заблагодари на сите присутни и наведе дека е пресреќна што Судскот совет се одважил да донесе одлука за јавност на постапката

Согласно горенаведеното, а врз основа на член 67 став 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Комисијата на известители до Советот го поднесува овој Извештај, по кој Судскиот совет расправа на седница.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева на барање на дел од членовите отвори процедурална расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека по барање на претседателката на Врховниот суд денес јавно и првпат се изнесува Извештај за констатирана состојба. Со оглед да прв пат на овој начин се постапува сака да објасни како член на Комисијата на известители дека во ваквото разгледување на Извештајот на Комисијата во врска со утврдување на одговорност на судијата, односно во случајот на претседател на суд пред се треба да се анализира содржината на чл.67 ст.1 и 2 од Законот за Судски совет, за да е познато на јавноста. Според ст.1 од овој член Комисијата на известители поднесува Извештај за констатирана состојба по барањето во рок од 15 дена. Меѓутоа, ст.2 од истиот член ја определува содржината на Извештајот, а тоа е дека треба да ги содржи сите списи и акти што во текот на постапката Комисијата ги имала на располагање, изјаснувањето на судијата, односно претседателот на судот како и опис на спроведените дејствија. Тоа го цитирала од Законот за да е јасно на секој за што станува збор во Извештајот. Како судија мора да обрне внимание на таа

недоследност во законското решение и кое треба да се корегира, а тоа е дека содржината на Извештајот од ст.2 воопшто не одговара на називот определен во ст.1 од чл.67 од Законот за Судски совет. Ако зборуваат за Извештај за констатирана состојба сите очекуваат да има анализа на докази и во самиот извештај да се констатира состојбата по сите наводи во барањето за утврдување на одговорнст и по сите наводи на одговорот, односно одбраната на судијата. Согласно со ст.2 Извештајот треба да ги содржи сите списи и акти кои во текот на постапката Комисијата ги имала на располагање и изјаснувањето на судијата и опис на спроведените дејствија. Никаде не стои дека Комисијата на известители после одржаната расправа треба да анализира докази и да констатира состојба. Мнозинството во Советот низ низа постапки досега праксата ја спроведуваат така што го применуваат ст.2 од чл.67, иако во ст.1 е определен како треба да гласи насловот на Извештајот. Поради тоа во Извештајот кој е презентиран е внесена содржината на барањето, одговорот на барањето, преземените дејствија, текот на расправата, изведените докази, што е само сублимација на податоци, но не претставува констатирана состојба. Го напоменува тоа за да биде јасно зошто содржината на Извештајот кој има назив за констатирана состојба не ги исполнува очекувањата на секој просечен слушател или читател. Сите на порталот на Судскиот совет прочителе Извештај за констатирана состојба, а всушност Законот определува некоја сосема друга содржина, а не констатирање на состојба. Ако се смета и се гледа само називот даден на порталот можат да произлезат некакви неосновани негативни етикети во однос на Извештајот, а всушност се работи за примена на одредба. Кога е ваков случај и кога нема анализа на доказите и нема констатирана состојба во Извештајот пракса во Советот е секој член непосредно пред седницата, кога веќе знае што има на дневен ред, доколку има потреба да се запознае со доказите и списите од предметот преку увид во истите. Истото е можно и преку системот што го поседуваат, кој нема голем капацитет каде предметите се достапни во електронска форма. Прва реагирала на содржината на Извештаите за констатирана состојба во Советот, затоа што содржината на ст.2 од чл.67 воопшто не одговара на називот на актот што се доставува на разгледување.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека неспорно е дека Законот за Судски совет во наредниот период ќе треба да претрпи измени. Детектираните состојби и по однос на законската формулација за да не наидат на различно толкување се надева дека ќе бидат предмет на прецизирање и во тој дел ќе се достави предлог со таквите прецизирања.

Посочи дека апсолутно се согласува по однос на тоа дека сите ги имале материјалите и неслучајно ст.3 од чл.67 вели дека сите списи по предметот мора да им бидат достапни на членовите на Советот, а нив им се достапни во е-архивата, кое нешто било нотирано и во самиот Извештај на стр.36. Посочи дека не случајно е така, бидејќи со законот од 2019 година Комисијата не доставува предлог до Советот, туку ја констатира состојбата, а секој член на Советот поединечно врз основа на достапните материјали понатаму го формира својот став.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека не се согласува со наводите на колешката Мери Радевска дека Извештајот на Комисијата на известители од чл.67 не одговара на насловот. Во чл.67 ст.3 се вели дека сите списи по

предметот мора да им бидат достапни на членовите на Советот. Овој член упатува на чл.64 ст.1 каде се вели дека Комисијата прибавува податоци и докази кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со барањето. Раководејќи се од овие две законски одредби Комисијата на известители не треба да анализира, туку да даде приказ за констатираната состојба во однос на сите докази коишто се предложени од страна на подносителот на барањето и на судијата, односно претседателот спрема кого се води постапката.

Оттука, се наметнуваат неколку прашања до Комисијата на известители којашто ги има видено доказите. Не гледа ниту еден од доказите коишто се доставени од страна на претседателот на Врховниот суд, а за нејзе се посебно битни доказите од т.4 до т.6. Тоа се табеларен приказ на прием на покани за закажана седница на Судскиот совет и доставени покани за седници. Тоа се гледа од записниците, меѓутоа не може за секој поединечен случај да се враќа во секој записник наназад за да има претстава за конкретниот предмет, тоа е работа на Комисијата на известители. Затоа се вели дека Комисијата составува Извештај за констатирана состојба и не е тоа само декларативно наведено во Законот. Понатаму, не е доставено ниту известувања за оправдано отсуство на претседателот на Врховниот суд.

Дали Комисијата на известители има податок во колку седници од тие 21-на коишто се наведени во т.1 од барањето за утврдување на одговорност поканите се добиени со задоцнување, во пократок рок од законски предвидениот? Тоа е првото прашање. Колку од тие седници биле итни? Дали има случаи за тие 21-на седница за кои претседателот на Врховниот суд на РСМ навремено по добивање на поканата ја најавил својата спреченост да биде присутен на седницата за која е поканет и дали има воопшто било доставено до Комисијата доказ со која би ја оправдала својата неможност да биде присутна. Не да анализира Комисијата, дали го констатирала наведеното од доказите кои се доставени од едната и од другата страна на постапката.

Со оглед на наведеното, предложи Извештајот да се доработи во следната насока: 1.Во колку случаи од закажаните 21-на седница во наведениот период во барањето на кои не била во континуитет присутна претседателката на Врховниот суд, според податоците на Судскиот совет поканите и биле доставени во рок пократок од законски предвидениот рок од 7 дена? 2.Колку седници од тие 21-на биле итни и 3.Дали има доставено според податоците на Судскиот совет доказ за оправданост на своето недоаѓање на седница, а не само известување?

*Во продолжение, се разви дополнителна конструктивна дискусија помеѓу членовите на Судскиот совет во поглед на терминолошкиот назив и содржината на Извештајот за констатирана состојба, потребата или непотребата од доработка и темпото за одлучување по истиот.*

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска согласно чл.70 од Законот за Судски совет Извештајот за констатирана состојба да се врати на Комисијата на доработка го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 5 гласа „За“ и 6 гласа „Против“ предлогот не е усвоен.

*Претседателот на Советот Весна Дамева даде пауза во траење од 15 минути.*

*Седницата продолжи во 12:20 минути.*

По паузата, претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека за да се одлучи за конкретната дисциплинска постапка битни се две работи, а тие се самото барање и доказите.

Во првиот дел од барањето тоа што се става како дисциплинска повреда на претседателот на Врховниот суд е дека истиот во период од 22.05.2023 година, па заклучно со 30.10.2023 година не доаѓал на седниците и без потрепа со докази за оправданоста на отсуството.

Факт е дека претседателот на Врховниот суд има законска обврска да доаѓа на седниците и не се сложува со одбраната дека и препораките во Извештајот на ЕК се во насока на тоа дека претседателот на Врховниот суд не треба да присуствува на седниците, туку има Закон којшто тоа го регулира. Законот регулира дека претседателот на Врховниот суд има права и обврски како и останатите членови и треба да доаѓа.

Проблематично е тоа што во барањето треба децидно да стои на која конкретна седница го оправдала или не го оправдала отсуството, ако интенцијата на подносителот било дека претседателот на Врховниот суд ги прекршува обврските согласно чл.43 од Законот за Судски совет.

Се работи за претседател на Врховниот суд и за седници кои се држат во работно време. Каков доказ треба да достави претседателот на Врховниот суд за да го оправда отсуството? Ноторно е дека претседателот на Врховниот суд има обврски на работното место.

Во второто дејствије се вели дека претседателот на Врховниот суд на 06.11.2023 година бил поканет на средба и на 03.11.2023 го известил Судскиот совет дека не може да се јави поради претходни обврски. Поентата и битието на втората повреда која се става на товар е иста како и првата, дека не е јавено на поканата. Првиот пат не е јавено на поканата на седниците, а вториот пат не е јавено на поканата за средба. Во образложението на барањето следи дека поканата за средбата од 06.11.2023 година се однесува на искажаното во порталот „СДК“, дека судиите на Врховниот суд одолеале на политичките притисоци во врска со аболицијата на поранешниот претседател на државата. Во образложението понатаму се наведува дека со тоа Советот бил оневозможен да расправа за таквите битни прашања. Но, тоа не се става на товар, не се става во описот на повредата. Во описот на повредата стои дека не е одзвано на поканата, а самиот подносител вели дека претседателот на Врховниот суд е спречен. Тоа се факти кои произлегуваат од самото барање.

Тоа што превагнува во нејзиното одлучување е тоа што од кога е член на Советот има членови на Судскиот совет кои не присуствуваат на седници и ниту еднаш немало доказ, затоа што им се верува на колегите дека кога најавуваат дека се спречени, навистина и се спречени. Што е поразлично кај претседателот на Врховниот суд? И како судија, и како член на Судскиот совет, а пред се како човек не може да применува различни аршини.

По однос на второто, воопшто нема повреда, бидејќи претседателот на Врховниот суд укажал дека не може да присуствува, затоа што веќе има закажани обврски.

Понатаму, во образложението на самото барање стои дека со тоа Судскиот совет бил оневозможен да ги испита притисоците. Перцепцијата е дека политичките притисоци постојат и тие претставуваат многу голем проблем. Врховниот суд одолеал на политичкиот притисок, се справил со него како знаел и умеел, па се поставува прашањето што направил на тој план Судскиот совет? Судскиот совет не преземал ништо. Денес се расправа за дисциплинска постапка, но свесни се дека не се работи само за дисциплинската постапка, се работи за позадината. Да се каже дека има проблем и дека треба да функционираат. Судовите не се непријатели, Врховниот суд не е непријател, Судскиот совет не е над Врховниот суд, Врховниот суд не над Судскиот совет. Секој по Закон и Устав има строго определено место. Да се почитуваат и да ја работат работата така како што треба. Како граѓанин многу е болно што ова се случува и треба да се прекине да се дискутира во ракавици. Има проблем, проблемот не е мал, треба да се решава. Не е вистина дека сите судии не чинат, и не е точно пласираното во медиумите дека има 1% доверба, бидејќи Светска банка направила независна анкета, каде има 29% доверба, но не сака да се гордее со тој процент. Повеќето судии работат како „кртици“ во услови кои државата не им ги овозможува затоа што не им го дава буџетот и во името на тие судии и во името на граѓаните кои бараат правда да се заврши со постапката и посочи јавно дека ќе гласа за запирање на постапката од причините кои ги изложила.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека барањето се однесува заради пречекорување и повреда на законските овластувања на претседателот на Врховниот суд, кој по функција е и член на Судскиот совет во работата и одлучувањето на Судскиот совет и вториот дел е дадената изјава во јавен медиум во врска со обиди за политичко влијание итн. Барањето беше прифатено од Советот, била донесена одлука постапката да продолжи и врз основа на тоа одлука од страна на Комисијата била спроведена една целосна постапка.

Тука има терминолошка забуна - Извештајот за констатирана состојба не е Извештај за утврдена фактичка состојба, туку тоа е обврска на Судскиот совет индивидуално да изгради свое мислење врз основа на индивидуално утврдена фактичка состојба. Од тие причини сочинетиот извештај кој денес е на дневен ред содржи податоци кој е подносител на барањето, опис на барањето, законски назив на барањето, докази врз основа на кои е подносено, против кого е поднесено барањето, одговор на барањето, секој со свои наводи, докази итн.

Од резултатите на целокупната спроведена постапка по повод изјавеното барање на став е дека не постојат силни аргументи и докази дека лицето, односно претседателката на Врховниот суд против која е поведено барањето има причини, оправдани наводи или аргументи, ниту во постапката е утвредно пречекорување на одредбите на кои се заснива барањето, ниту пак од спроведената постапка се испоставило дека постојат елементи со кои претседателката со своето однесување како член на Судскиот совет ги прекршила одредбите на чл.34 од Законот за Судски совет.

Првиот дел на барањето е дека претседателката неоправдано отсуствува на седниците, иако е уредно повикана. Не е спорно дека претседателката била поканета, но не е спорно дека претседателката секогаш го најавила своето отсуство, затоа што

секогаш формулацијата била присутни се, отсутни се, па се констатира доставено известување за причините за отсуството. Дали Советот во било кој момент, на било која седница, за поимот опишан и опфатен во барањето констатирал неоправдано отсуство? Таква констатација нема. Во такви услови претседателката вршејќи ги надлежностите како претседател на Врховниот суд, највисок суд во државата сметала дека нејзиното присуство по точките од дневниот ред на закажаната седница на која има покана не е неопходно. Добредојдено е да учествува со своето искуство, со своите информации во вршење на своите надлежности како претседател по функција член на Судскиот совет.

Ако се направи една ретроспектива на целосното однесување како правосудни органи ќе се увиди дека е последица на моменталната ситуација и состојба во Судскиот совет. Ако е земено за право да ја обвинат, обратно се поставува прашањето дали претседателот на Врховниот суд, на највисокиот суд во државата нема право на забелешки во поглед на однесувањето на Судскиот совет.

Од друга страна, за претседателот на Врховниот суд постојат податоци кои потврдуваат дека судот во вршење на својата надлежност е апсолутно ажурен суд. Тоа е позитивен елемент или допринос на претседателот.

Во извештајот на оценската мисија се констатира дека не постои прекршување на законот со неприсуство на претседателот на Врховниот суд на седниците на Судскиот совет. Исто така, во извештаите и за 2022 и 2023 година на ЕК има позитивни констатации.

Сето тоа во предвид, во услови со една таква општа состојба кога Судскиот совет како највисок орган во судската власт и заедно со Врховниот суд како највисок суд во државата се повикани и од домашната јавност и од меѓународната јавност да го зајакнат демократскиот капацитет, а клучот за зајакнување на тој капацитет е владение на правото. Диретна обврска на Судскиот совет која треба да ја испорача кај граѓаните дава за право да се размислува како ќе ги цени јавноста во услови кога Судскиот совет посегнал по претседателот на Врховниот суд затоа што во еден од дневените медиуми изјави обиди за притисоци. При носење на одлуката треба да се внимава на перцепцијата на граѓаните и добрите препораки на оценската комисија, чија прва препорака е да се внимава да се зголемува довербата на граѓаните.

Од наведените причини предложи да постапката ја завршат на позитивен начин. Еволуираат во позитивна насока како Судскиот совет, со основна надлежност да се јакне капацитетот на независно и самостојно судство и да се јакнат капацитите за доверба на граѓаните. Да се борат против сите проблеми што го уриваат интегритетот, поштениот труд на секој судија или даваат искривена слика за судството и сите со заеднички заложби во рамките на својата надлежност да се борат не декларативно, туку реално и издржано. Од тие прични предложи постапката да се запре.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека не значи дека секое барање за утврдување на одговорност секогаш ќе резултира со разрешување. Од таа причина законодавецот предвидел и други мерки.

Посочи дека жали што седницата на 07.11.2023 година не биле јавна, како и колегиумот кога на тогашниот претседател Сашко Георгиев сите му наложиле што чекори да преземеа.

Укажа дека повеќето барања се отфрлаат или се определува некоја друга санкција, отколку што се посегнува кон разрешување. Од ниеден од членовите на

Судскиот совет нема добиено впечаток дека размислува во насока на разрешување, освен што можеби е таква перцепцијата на медиумите.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека факт е дека сите биле револтирани зради игнорантскиот однос на претседателот на Врховен суд кој во континуитет не доаѓал на 21 седница во наведениот период од точка 1 во барањето и на тој начин како што е опишано и во самото барање постапил спротивно на чл.43 ст.1 ал.3, односно не учествувал во работата на Судскиот совет. Сите членови, без исклучок не го оправдуваат таквиот однос на претседателот на Врховниот суд и не учествување во работата на Судскиот совет каде што самиот е член.

Во првиот случај во барањето битието на делото за кое се бара утврдување на одговорност е неземање учество во работа на Судскиот совет во еден подолг период, период од шест месеци.

По однос на втората точка суштината на повредата е недоаѓање во Судскиот совет од страна на претседателката за сензитивно прашање кое што ја разбранувало целата македонска јавност. Тоа е прашањето за вршење на притисок врз судии на Врховниот суд за кое претседателката јавно објавила по медиуми. Наместо претседателот на Врховниот суд да ја испочитува својата уставна обврска, својата должност која произлегува од чл.104 ст.1 од Уставот, а врз основа на тоа и од Законот, да дојде во Судскиот совет заради обезбедување и заштита на независноста на судстовото да се зборува за конкретното прашање и да укаже дека постои таква состојба, наместо тоа претседателот на Врховен суд си дозволила и по покана на Судскиот совет да не дојде и разговара. Директно од страна на претседателот на Врховниот суд во конкретниот случај има состојба на непочитување на Уставот на РСМ. Тоа е крупна повреда и не може да се погледне низ прсти за такво нешто.

Не ја прифаќа терминологијата „наше барање“ што ја користеле претходно некои од колегите, бидејќи барањето во конкретниот случај има подносител, подносителот ги истакнал своите наводи и сега треба да се одлучува по барањето.

Кога се зборува за повреда на Уставот и Законот од страна на претседателот на Врховниот суд се зборува од аспект на тоа што надлежностите, правата и одговорностите на претседателот на Врховниот суд ги утврдил и Уставот и Законот. Неговите надлежности, обврски се многу поголеми од тоа да се објави дека Врховниот суд како највисок суд во државата е ажурен суд или како што изјавила усно на расправата претседателката произнесувајќи се по наводите на барањето дека учестувала во работата на Судскиот совет на начин што доставувала до Судскиот совет се што и било побарано од страна на Советот, ги доставувала сите извештаи и сеопфатни анализи итн. Станува збор за сериозно прекршување и непочитување на Уставот и Законот од претседател на Врховен суд, којшто по редот на нештата е највисок суд во судската хиерархија и претседателот на тој суд мора да биде активен во извршувањето на своите, права обврски и одговорности што се многу пошироки од доставување на извештаи, анализи итн. Претседателот на Врховниот суд мора да води сметка и да се грижи за целото судство во државата. Не може да разбере како претседателката на Врховниот суд била спречена во континуитет со месеци да не доаѓа на седници на Судскиот совет во една состојба во која се наоѓа македонското судство и да не се најде за потреба да зборува во телото во кое самата е член за проблемот. Како да еволуираат како членови на Судскиот совет и да одат во насока на јакнење на

довербата на граѓаните спрема судството кога претседателот на највисокиот суд во државата зборува по портали за пристисоци врз судии на Врховниот суд, наместо за конкретното прашање да зборува во телото, кое по Устав треба да се грижи за независноста на судството.

Како претседателот на Врховниот суд како член на Судскиот совет мисли дека учествува во работата на Советот ако нема активно учество на седници, на тоа што и е ставено на товар под точка 1 и не зборува отворено за притисоци кои се вршени врз судиите. Изјавата дека е надмината таквата состојба не е олеснителна околност во однос на обврската на претседателот на Врховниот суд.

Во врска со забелешките на колегите дека на седниците на Судскиот совет не доаѓаат и членови на Судскиот совет, побара да се прекине со таквите декларативни изјави и да се каже кои се членовите на Судскиот совет коишто месеци во континуитет не доаѓаат на седниците на Судскиот совет, а Советот ништо не преземал. За секоја изјава секој треба да има доблест тоа да го аргументира. Ако има таква таква состојба треба да се спакуваат сите и да си одат дома, затоа што никој од нив ништо не преземал, само што лично не познава таква состојба во Судскиот совет.

Алarmатни се наведените поведенија кои и се ставаат на товар на претседателката на Врховниот суд со конкретното барање. Токму заради тоа е поднесено барањето.

Не сака ниту да прејудицира, ниту да размислува дали постапката ќе биде запрена. Секој со својата совест и знаење ќе постапува по барањето и ќе ја носи својата одлука. Дали секое барање значи разрешување е ирелевантно, меѓутоа се зборува за фактите коишто се наведени во барањето.

Поентата на доработката на извештајот била да се точно утврди и воедно да се види и вината на страната на Судскиот совет, односно на првиот човек на Судскиот совет којшто закажува седници, дневен ред и испраќа покани. Барањето за да се постапи по чл.70 од Законот за Судски совет било сосема во друга насока и сака да има јасна престава кога била оправдано спречена претседателката да не дојде на седница на Судскиот совет и да зборува за многу сензитивни прашања коишто во моментот се однесуваат на судството. Сите знаат и се сведоци дека во изминатите седници членовите воделе дискусии што да се прави со судовите на коишто треба да стават клуч на врата во секој момент, затоа што нема судии, па најдено е некакво решение што според членовите на Судскиот совет било најоптимално рационално, да делегираат од Академците коишто се избрани. И што се случило во тој случај, сите решенија за времено упатување на Академиците од страна на Врховниот суд беа укинати, затоа што немале доволно образложение. Врховниот суд, односно претседателот на Врховниот суд како член на Судскиот совет зарем нема потреба да го знае проблемот, да дава предлози за надминување на проблемот. Ги потсети сите колку треба да се совесни, сите Академци што со последните одлуки се опфатени за времено упатување еден месец земаа плата од буџетот на РСМ, а ништо не работеа. Претседателите на судовите со право реагирале што ќе прават со нив, како да се внесат во системот, како да им се дадат предмети ако треба да се упатат во други судови.

Работата на Судскиот совет е малку посериозна од констатирање дека со недоаѓање на седници или нејавување на телефонски повик на претседателот на Судскиот совет затоа што ги надминала претседателката на Врховниот суд состојбите со притисоците, Советот не трпел штета. Несоодветно и недолично е однесувањето на еден

претседател на Врховен суд да не го почитува Уставот на државата, односно не може да се дерогираат одредбите на Уставот на државата во однос на надлежносите и обврските што ги има претседателот на Врховниот суд со повикување на Извештајот на оценската мисија. Без никакво омаловажување на извештајот на оценската мисија, меѓутоа се зборува за Устав на држава.

Токму од тие причини сторени се сериозни повреди во конкретниот случај и иститe се опишани доволно јасно во барањето. Постапувајќи во случајот спротивно на чл.43 ст.1 ал.3 од Законот за Судски совет е направена повреда од чл.79 ст.1 ал.1 од Законот за судови од страна на претседателот на Врховниот суд, односно ги пречекорила законските овластувања кои се црпат од уставните обврски на претседателот на Врховниот суд како член на Судскиот совет. Нема да гласа за запирање на постапката, во најмал случај смета дека на претседателот на Врховниот суд за однесување во изминатите повеќе од шест месеци треба да биде во најмала рака со јавен укор опоменат за да биде свесен за своите права, обврски и надлежности.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека мора да се врати на содржината на барањето, затоа што тоа што го навеле колегите во однос на реакцијата во Судскиот совет на однесувањето на претседателката на Врховниот суд е вистина. Сите се сведоци и не можат да бегаат од тоа. Реакцијата била на игнорантскиот однос, меѓутоа имаат барање со конкретни наводи, конкретни одредби кои се повредени и докази. Не може да каже дека нејзиниот впечаток од игнорирањето и нејзината повреденост поради игнорирањето треба да одат во насока со одлучувањето.

Се бара одговорност заради отсуство од седници од 22.05.2023 до 30.10.2023 година за кое отсуство претседателот на судот известувала пред седниците, но не доставила доказ за спреченост. Во образложението се наведува дека отсуствувала од седници во континуитет од 03.02.2023 година, па до 30.10.20223 година.

Во точка 2 се бара одговорност за нејавување на средба на 06.11.2023 година, по покана на претседателот на Советот, но отсуството го најавила со писмен поднесок доставен непосредно пред терминот на закажаната средба. Во образложението за оваа точка се наведува дека како причина било дека има закажано настан и непостоело кај неа волја за соработка, ниту наоѓање друг термин за средба што произлегувало и од телефонски разговор со тогашниот претседател на Советот од 03.11.2023 година.

Вакавата содржина на барањето е проблематична. Не може да излезе надвор од барањето и сето тоа да се стави во друг контекст. Има барање и има точни наводи во барањето и треба да се постапи по тоа барање. За тоа има укажано уште кога се расправало по Известувањето за фактичка состојба, кое исто е несоодветен термин во Законот, затоа што одлучувале за навременост, целосност и дали постои евентуална очигледна неоснованост на барањето, но не се извршила корекција и останало истото барање и замоли да се задржат на наводите во барањето, ништо повеќе.

Смета дека наводите и дејствијата наведени во барањето не претставуваат повреда на чл.43 од Законот за Судски совет вв со чл.79 ст.1 ал.1 од Законот за судовите, како што стои во барањето. Во барањето не стои која алинеја од чл.43 ст.1 е повредена, односно е постапено спротивно. Сега чула дека се однесувало на ал.3, а ал.3 гласи - учествува во работата на работните тела на Советот во кој е избран. Тука се работи за права, обврски и одговорности на член на Советот. Во ст.2 се кажува дека министерот за правда и претседателот на Врховен суд, како членови на Советот по

функција ги имаат истите права, обврски и одговорности како членовите со право на глас, освен во случаи предвидени со Закон. Значи, сигурно не се однесува на ал.3 - учество во работата на работните тела на Советот, меѓутоа може да се однесува на ал.1 - учество во работа и одлучување на Советот. Но, тоа не е поентата, поентата е дека барањето се однесува дека не го оправдала отсуството и каде што го оправдала не доставила доказ, па со тоа не учествувала во работата на Советот. Точно е дека подолго време претседателката на Врховниот суд на ја виделе во Советот. Имало одговор на барањето и одбрана каде е наведено дека меѓуостанатото причините се и состојбите во Советот. И за нејзе не е тоа оправдување, меѓутоа дали членот по функција треба да доставува доказ за своето отсуство. Има тука членови, не вели дека не доаѓаат шест месеци, меѓутоа има отсутни членови за кои пред да започне седницата претседателот на Советот или некој од вработените ги бара на телефон дали ќе дојдат или не, и никој не констатира во записникот дали е оправдано или неоправдано отсуството. Како сега за член по функција ќе бараат оправданост на отсуството. Тој има многу други задачи. Повтори дека не вели дека е оправдано шест месеци да не доаѓа и не вели дека оправдано е Советот и Врховниот суд или претседателите на Советот и Врховниот суд да не соработуваат, тоа е срамота. Кога веќе има таква состојба и пракса не може да имаат различни стандарди. Побара да се изедначат стандардите, за да има квалитет во работата.

Истото се однесува во врска со точка 2. Факт е дека претседателот на судот доставила известување пред закажаната средба. Тоа требало да се случи на 06.11.2023 година. Таа отсуството го поврзува со добивање на Извештајот од ЕК и Извештајот на Оценската мисија. Барањето е поднесено веднаш. Точно е дека сите реагирале, не може претседател на Врховниот суд така да се однесува. Треба да има средба, треба да се ослободи судството од било какви притисоци. Дали е тоа од други судии, дали е тоа од членови на Судскиот совет, дали од политички партии, доста е, на народот му е доста. Затоа, нема дилема и ако е тоа така мора да се соработува.

Барањето е поднесено на 07.11.2023 година, еден ден по закажаната средба, а во известувањето на претседателката се поврзува средбата после Извештај на ЕК и Извештај на Оценска мисија не држи тоа да биде причини дека нема волја за средба, па сега да има одговорност.

Што се однесува на одговорот на барањето и одбраната на претседателот на судот, во делот кој поопширно е елабориран, а се однесува на правото на слобода на изразување, на прв поглед изгледало дека во тој дел содржината на одговорот на барањето и одбраната на претседателката немаат врска. Меѓутоа, се поставува прашање за мотивот за поднесување на барањето и мора да се расчистат работите. Ако се анализира што би било можен мотив, сака да верува иако на погрешен начин дека на претседателот на судот можеби се сакало да му се укаже дека е должна да соработува со Советот со оглед на функцијата која Советот и ја доверил. Мора да соработува по функција, тука нема алтернатива. Таа соработка е важна и за функционирањето на целото судство, бидејќи на граѓаните им е од особена важност да добијат правда. Нив не им е важно кој е поважен, дали Судскиот совет или Врховен суд, кој има примат во пирамидата на судството, дали Врховен суд или Судскиот совет. Важна е правдата за нив и ништо друго. Во изминатите две години имало и Закон за спречување на корупција, имало и Програма со Акционен план за следење на корупција, имало Кодекс за етика на членови на Судскиот совет, насоки за примена на тој Кодекс, сето е изгласано во

Судскиот совет, изготвено со помош на проектот Матра, Владата на Кралството Холандија и исто ДКСК изготвила Анализа за ризици во судството од корупција и во сите овие акти ако се гледаат како целина, секаде трговијата со влијание се смета за појавен облик на корупција. Сега не сака ни да помисли дека барањето е со цел да се замолчи претседателката, како што таа кажува во својата одбрана. Тоа би било крајно непрофесионално. После дадената изјава за медиумите претседателката кажала дека Врховниот суд се справил со притисоците и не сака ниту да помисли дека барањето е мотивирано поради трговија на влијанија. Затоа смета дека тој дел од нејзината одбрана не би можела да го прифати. Не би смеел никој тоа да си го дозволи. Покрај сите акти, активности, постојано зборување дека корупцијата е проблем Судскиот совет е прв орган во државата што треба да покаже дека е професионален, ефикасен и дека има стандарди на однесување. Ако го немаат тоа, местото не им е тука. Последните две години во Советот се направиле некакви промени во постапувањето, во работа. Навистина се можеби мали за јавноста, но тој процес не може да се запре и нема да се запре. Мора да се донесе објективна, праведна и законита одлука. За нејзе во конкретниот случај тоа е само запирање на постапката.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека со оглед дека голем дел од колегите детално го елаборирале поднесеното барање за утврдување на одговорност, елаборирале по однос на битието во коешто подносителот на барањето смета дека претседателката на Врховниот суд ја сторила наведената повреда, нема да се повторува, и посочи дека се согласува со голем дел од изнесеното.

Се согласи со искажаното од одредени колеги за случувањата во Советот кои претходеле на поднесување на барањето од страна на подносителот, а за што јавноста не била запознаена.

Исто така, се согласи со наведеното во одговорот на претседателката на Врховниот суд во кој вели да се запре постапката, затоа што не постои сериозен основ за одговорност и дека ослободување од одговорност нема да значи само зачувување на угледот и авторитетот на претседателката на Врховниот суд и самото судство, туку во исто време ќе влијае позитивно и за угледот и авторитетот на Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека е добро што од дискусиите јавноста ќе добие целосна престава за случувањата. Останува поединечно да се произнесат, секој со свој став по однос на конкретното прашање.

Согласно Уставот и Законот за Судски совет по службена должност претседателот на Врховниот суд треба биде присутен на седниците, со тоа давајќи придонес на работата на Советот. Сведоци се дека изминатиот период колешката не била присутна на седниците на Советот, по нејзино убедување, но истата како заменик претседател на СБС во најголем дел била присутна на седниците на СБС и имале солидна соработка во тој дел.

Истакна дека изминатиот период бил многу динамичен, имале претставници од ЕУ, односно Оценска мисија којашто како дел од реформите во Судскиот совет за во иднина, со оглед дека претседателот на Врховниот суд и Министерот за правда како членови по функција се без право на глас, препорачува да се размислува и изнајде модел иситите да не бидат членови на Судскиот совет. Во таа насока, укажа дека ќе ги почитува препораките на оценската мисија.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе колку се убаво звучело кажано, убаво спакувано, со убава реторика и сака да верува во истото. Многу е интересно што имаат на дневен ред постапка за утврдување на одговорност на претседателот на Врховниот суд, затоа што во континуитет не учествувала и не била присутна на наведените седници. Познаваат период од изборот на претседателот на Врховниот суд кога активно учествувала, била редовно присутна на седниците, на кои седници се однесувала на начин кој не доликува на претседател на Врховен суд, со навреди, омаловажувања на адреса на Судскиот совет, на членовите и на конкретните претседатели. Очигледно таквото однесување било под закрила и заштита на некој од членовите. Лично очекувала и смета дека требал да се одважи Судскиот совет тогаш да и поднесе барање за утврдување на одговорност за недолично однесување, за дискусии надвор од законските рамки и одредени законски решенија.

Биле во подготовка барања за утврдување на одговорност за истиот претседател на Врховниот суд за конкретните работи, меѓутоа барањата останале непотпишани, останале во некои фиоки.

Дискусијата ја прекина претседателот на Советот **Весна Дамева** и го предупреди членот на Советот Лорета Горгиева да биде зачуван угледот на Судскиот совет, бидејќи во моментот биле упатени директни навреди према претседателот на Врховниот суд. Истовремено, биле изнесени информации од доверлив карактер и побара истото да се нотира на записник.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** ја продолжи дискусијата и наведе дека многу било убаво кога се слушале празни флоскули и убави говори, меѓутоа тоа за некои убави политички кампањи, реалноста е сосема нешто друго. И тоа како се грижи за угледот на Судскиот совет, меѓутоа барем еден може, толку колку што дозволува достоинството како член на Судскиот совет да начне нешто што значи една гола вистина и точна фактичка состојба.

Цело време инсистира да се води записник од колегиумите. Последно барала да се снимат и тоа не е удоволено. На сериозни колегиуми, каде што без присуство на јавноста, јавно изразуваат свои ставови и гледишта и ги аргументираат останува дека нема трага од сето тоа, за потоа на седница да има такво ретерирање во ставовите што навистина ја запрепастува.

На крај, еден од нивните членови ја понел одговорноста да биде подносител на барањето. Ниту еден од нив не кажал поинаку, дека не треба да се поднесе барање и сите заеднички застанале зад барањето за кое денеска расправаат. Да имаат ронка достоинство, да се погледнат во очи и да кажат дека вистината е таа.

Дека претседателката на Врховниот суд во текот на нејзиното интензивно доаѓање била заштитена во сите дискусии, во сите постапки кои не и доликувале, тоа е факт. Од друга страна, за прв пат на претходната седница, отпосле расправата по конкретното барање видела присуство на колешката Беса Адеми, претседател на Врховниот суд со конструктивни дискусии, со однос кој доликува, со култура на однесување и нешто што треба да значи ниво и начин однесување и навистина ја воодушевила, бидејќи немала прилика во целиот период наназад на седница да види такво однесување на колешката. Значи, можело и поинаку.

Правото како ќе гласа го задржува за себе, само ќе каже дека во многу наврати имало селективна правда на адреса и полза на конкретниот претседател на суд, во споредба со други кандидати.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека го изразува своето длабоко вознемирување, бидејќи биле упатени закани и према нејзе како член, биле повикани кој ретерирал итн., но нема да навлегува во тоа во интерес на угледот на Судскиот совет. Истакна дека ќе се задржи на ставот дека се интелектуалци, пред се правници и изградени личности на коишто не може друг да им ги пишува домашните. Ако останувaат на одреден став, останувaат до крај.

Посочи дека и во моментот го изразува ставот дека колегата Сашко Георгиев во времето додека бил претседател не погрешил кога ја повикал претседателката на Врховниот суд, затоа што требало да се повика да каже. По однос на наредните дејствија, тука е грешката. Ако колегата Сашко Георгиев иницирал од сите нив како членови ја повикал и сметал дека направила пропуст, зошто тој не го поднел барањето за утврдување на одоговорност или зошто координаторот не го поднел барањето за утврдување на одоговорност.

Укажа дека е дискутабилно за идните дејствија во смисла на утврдување на фактичката состојба. Во текот на целокупната постапка, особено имајќи ја предвид расправата, кај нејзе дефинитивно се зацврстил ставот дека не се сторени повредите и смета дека ако во моментот нема услови за разрешување на претседателката на Врховниот суд, за нејзе како правник, како човек со интегритет е недозволиво да гласа за одредена мерка, која треба само онака да пројде како мерка. Тоа нема да си го дозволи. Сите може колеги да се против нејзе, сама да остане, ако е убедена дека е за разрешување ќе гласа за разрешување, ако е убедена за запирање, ќе гласа за запирање.

Нагласи дека во однос на првата точка од барањето, отсуствата од седниците на претседателката на Врховниот суд во периодот од мај до октомври и покрај тоа што има законска обврска да доаѓа, тоа е неспорно, се оправдани. Тоа е оправдано затоа што Советот тоа го оправдал. Нема нотирано на записниците дека отсуството е неоправдано. На записниците се нотирало оправдано отсутна, бидејќи е на конференција, има зголемени активности итн. Мора да се има во предвид фактот дека нејзината примарна функција е претседател на Врховниот суд, а имајќи го во предвид периодот station наназад и тоа какви успеси има Врховниот суд. Тоа не може да се скрие и како сегашен претседател на Судскиот совет се гордее со успех на еден таков претседател.

Од друга страна, напомена и да не се оправдани отсуствата, ниту едно нејзино отсуство не предизвикало потреба од одлагање на наведените седници. Од увид во доказите нема видено дека некоја седница била одложена, бидејќи не дошла претседателката. На претседателката редовно и биле доставувани материјалите, ги проучувала, а и Судскиот совет изминатите месеци е премногу транспарентен за среќа, па претпоставува дека ги следи седниците на МИА и ги знае сите состојби што се случуваат во Судскиот совет. Физички иако не е присутна, сепак тоа не се одразило на работата на Судскиот совет, а присуствувала и на седниците на СБС. Таму каде што било нопходно се одѕвала. Впрочем, таа е член по функција, без право на глас и резимираше дека од сето тоа нема штетни последици, не е нарушена работата на Судскиот совет.

По однос на втората точка, додаде дека за преземените дејствија од страна на колегата Сашко Георгиев стојат сите позади тоа, со цел да се испита состојбата. Кога не се испитала состојбата до крај, никој од повиканите не поднел барање, бидејќи сметале дека не е оправдано.

Прецизира дека својот став ќе го изрази кратко преку три, четири одговори на одредени прашања. Дали претседателката на Врховниот суд во својата досегашна работа покажала независност, самостојност и совесност - ДА. Дали подлегнала на притисоци - НЕ. Дали е точно дека претседателката зборувала за прашања од јавен интерес - ДА. Дали има право на тоа - ИМА, но не само што има право, има и обврска на тоа.

Потенцира дека имала дилема дали тоа претходно требала и била должна да го сподели со Судскиот совет, но убедена е дека тоа го сторила на начин на која би се заштитила и самата себе и понатаму сето тоа би се процесуирало. Дали се одѕвала на поканата на Судскиот совет, дали недоаѓањето по поканата е основано или неосновано, оправдана или неоправдана причина е ирелевантно.

Образложи дека одговорот на прашањата, особено првите три се исклучителни за нејзе и не оставаат дилема. Појасни дека сака да верува каков и да е гласот на секој поединечно, одлуката мора да биде донесена врз основа на факти и докази, согласно законот, но и врз основа на совесно, одговорно, чесно, непристрасно и достоинствено одлучување. Премногу е ризично да се оди дали нешто да се даде, дали да се разреши, сепак станува збор за претстедател на највисоката функција во пирамидата на судството.

Истакна дека во моментот категорично го изразува ставот дека не може да си дозволи на некој да му препише нешто од коешто нема последици, коешто не е сторено, бар така е констатирано и ќе гласа за запирање.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека согласно чл.69 ст.1 од Законот за Судски совет, Советот на седница расправа по Извештајот на комисијата и по завршување на расправата првично одлучува за запирање на постапката доколку утврди дека нема основ за одговорност, со најмалку седум гласови од вкупниот број членови со право на глас.

Во таа насока се спроведе гласање. По гласањето претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека со 7 гласа „За“ и со 4 гласа „Против“ обезбедени се потребните седум гласови од вкупниот број членови со право на глас и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

СЕ ЗАПИРА постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Беса Адеми, претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија бр. 10-86/1 од 07.11.2023 година, поднесено од страна на м-р Миљазим Мустафа, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

*Претседателот на Советот Весна Дамева даде пауза во траење од 15 минути.*

*Седницата продолжи во 15:00 минути.*

**Точка 7**

(Одлучување по приговори за годишен распоред)

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Миљазим Мустафа повторно е присутен на седницата.*

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска во својство на координатор на Основен суд Тетово.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека до Советот се доставени приговори од страна на судијата Верка Костовска и судијата Бетим Јахја, судии на Основен суд Тетово.

Во приговорот на судијата Верка Костовска е наведено дека приговара на Годишниот распоред за работа на Основниот суд Тетово за 2024 година, поради повреда на одредбата од чл.39 ст.8 вв со ст.3 од Законот за судови, а согласно чл.39 ст.12 од Законот за судовите.

Во одредбата на која се повикува судијата Верка Костовска станува збор за распоредување на еден судија без негова волја од еден во друг оддел од страна на претседателот на судот. Во конкретниот случај воопшто не е таква фактичката состојба, бидејќи видно од наводите во приговорот судијата Верка Костовска е распоредена со Годишниот распоред за работа на Основен суд Тетово за 2024 година како судија да постапува по прекршочни предмети ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, а е исклучена од уписникот К-предмети спрема полнолетни лица и уписникот КМ, против нејзината волја и против нејзиното искуство долгогодишно и против нејзината специјализација.

Напомена дека во Основниот суд Тетово се формирани само два судиски оддели, Кривичен и Граѓански. Со распоредување на судијата да работи на материјата ПРК нема распоредување од еден во друг Кривичен оддел. Не постои друг вид специјализиран Кривичен оддел, бидејќи согласно одредбите од Судскиот деловник еден специјализиран оддел во суд може да постои само доколку работат во него минимум пет судии. Во конкретниот случај нема Прекршочен оддел. Значи, истата е распоредена во рамките на Кривичниот оддел, од работа по една материја, на друга, наместо во уписникот К полнолетни и малолетни да постапува во уписникот ПРК.

Нема повреда на одредбата на која се повикува судијата, чл.39 ст.8, туку во конкретниот случај станува збор за Годишен распоред на судии согласно чл.39 ст.4 од Законот за судовите и во таков случај приговорот не може да биде доставен на надлежно одлучување на Судскиот совет, туку истиот согласно чл.39 ст.11 треба да биде препратен

на надлежно постапување на Врховниот суд, на општа седница да одлучува по истиот. Судскиот совет нема надлежност.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен - Судскиот совет не е надлежен да постапува по Приговорот од Верка Костовска, судија на Основен суд Тетово, против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово за 2024 година. Согласно чл.39 ст.11 од Законот за судовите Приговорот да се достави на надлежно постапување и одлучување на Врховен суд на РСМ.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека приговорот од судијата Бетим Јахја исто така се однесува на Годишниот распоред за работа на Основен суд Тетово. Ситуацијата е иста, судијата приговара затоа што според новиот распоред донесен за 2024 година претседателот на судот го распоредил да постапува во Прекршочен оддел, кој не постои во Основен суд Тетово, постои само Кривичен оддел. Од тие причини и овој приговор погрешно е доставен до Судскиот совет и согласно одредбата од чл.39 ст.11 треба да се препрати на надлежно постапување на Врховнит суд.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен - Судскиот совет не е надлежен да постапува по Приговорот од Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово, против Годишен распоред за работа на Основен суд Тетово за 2024 година. Согласно чл.39 ст.11 од Законот за судовите Приговорот да се достави на надлежно постапување и одлучување на Врховен суд на РСМ.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

**Точка 8**

(Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот **Весна Дамева** предложи за 8-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја исклучи јавноста од седницата за 8-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

[redacted]

[redacted]

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 473-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15:30 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и Листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Дамева

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева